СОВРЕМЕНА ФИЛОЛОГИЈА
UDC 801.655.7(049.3)
UDC 821.163.3-1:801.655.7(049.3)

JOURNAL OF CONTEMPORARY PHILOLOGY
JCP 2022, 5 (2), 125-127

# СЛОБОДНИОТ СТИХ КАКО ХИПЕРОБЈЕКТ

(Спасовска, Сузана В. *Слободата на стихот, Студија за македонскиот слободен стих*, Скопје, 2021, 272 стр.)

# THE FREE VERSE AS A HYPEROBJECT

(Spasovska, Suzana V. *The freedom of the verse, Study of the Macedonian free verse*, Skopje, 2021, 272 pp.)

Дарин Ангеловски
Институт за македонска литература
d.angelovski@iml.ukim.edu.mk

Darin Angelovski
Institute of Macedonian Literature
d.angelovski@iml.ukim.edu.mk

Сузана В. Спасовска го започнува своето истражување на феноменологијата на слободниот стих мошне директно и храбро, без излишни заобиколувања, со тврдењето дека оваа поетска форма воопшто не е нова појава и дека нејзината феноменологија е исто онолку стара колку и онаа на класичниот стих. Во прилог на изнесената теза говорат и поместувањата на солидната и авторитетна традиција на стихологијата, која како наука што ги проучува законитостите на класичниот стих сè повеќе се отвора кон проблематиката на слободниот стих. Оттука, станува очигледно дека слободниот стих е веќе етаблиран и суверен истражувачки ентитет, токму поради неговата фреквентна циркулација и во продукциска и во рецептивна смисла. Во таа насока тој е мошне близок до она што Тимоти Мортон го определува во своите философско-еколошки промислувања (Morton 2013) како *хиперобјект*: вискозна, нелокална и речиси недофатлива структура, која исчезнува и се појавува пред изостирениот поглед на истренираниот набљудувач како своевиден „фигмент на човековата имагинација“.

Едно од достоинствата на оваа книга е тоа што таа понудува критичко-историски увид во густата и интензивна поетска традиција на слободниот стих, помирувајќи ги, притоа, мноштвото наследени апории, амбигвитети и несогласувања што се искажани на оваа тема. Разгледувајќи го поетското начело

на слободна употреба на стиховните средства како можност да се укине и да се надмине бинарната опозиција меѓу класичниот и слободниот стих, авторката обезбедува нова и доволно цврста теориска позиција од која го согледува слободниот стих на едно поинакво рамниште – како однос на поетскиот текст наспрема прозниот. И покрај тоа што напуштањето на првичната опозиција (класичен наспрема слободен стих) на полето на структуралистичкото обмислување неминовно воведува нова сопоставеност (слободен стих наспрема прозен текст), насочувањето на оваа нова опозиција во опсегот на деконструктивистичката теорија подразбира суштинско редефинирање на меѓусебните односи на стиховните средства. Промената се однесува на воспоставувањето нова структура на очекувања или систем на референци што врз веќе воспоставениот хоризонт на очекувања на класичниот стих ќе исцрта нова критичка алатка чија цел ќе биде да ги проследува обликотворните постапки на слободниот стих. Такви се прекршувањата на метричките схеми, римата, ритамот и другите специфични елементи, обрнувајќи, притоа, внимание и на стиховната организација, односно на графичкоста како визуелна, и на семантичкоста како тематска диференцијација на слободниот стих од прозните видови.

Ваквиот приод ќе овозможи да се говори не само за новата форма на слободниот стих туку и за неговата нова семантика: „...слободниот стих денес го дозволи она што не го дозволуваше светото правило за нереференцијалност на песната – слободниот стих, песната денес може да говори за што ќе посака." Интересно е да се спомене дека меѓу перспективните развојни насоки на слободниот стих се согледуваат и ретроспективно ориентирани промислувања, навраќања, (ре)актуализирања, преобмислувања, па дури и продолжувања на дамнешните дебати околу определувањето на категориите лирско и епско во правец на преиспитување на нивната натамошна трансформација во современите книжевни системи. Смената на хиерархиските односи во литературната теорија што ги подвлекува Спасовска, произлегуваат од смената на една поетичка школа или стилска формација со друга. Во таа насока, исклучителниот прилог на оваа студија кон теоријата на слободниот стих ја согледуваме во нејзиниот апликативен дел, кој за првпат во македонската книжевно-културна средина понудува типолошка класификација на македонскиот слободен стих. Оттука, особеното значење на студијата на Спасовска се согледува во делот што понудува анализа на македонскиот слободен стих според карактеристиките на звучењето, значенските, ритмичките и референцијалните рамништа во избор од поетското творештво на: Блаже Конески, Ацо Шопов, Гане Тодоровски, Матеја Матевски, Влада Урошевиќ, Радован Павловски, Богомил Ѓузел и Михаил Ренџов.

Истражувачкиот предмет во поглед на звучењето ги проследува принципите на еквиваленција (метар), сличност (рима и еуфонија) и соседство (анжабман). Во поглед на семантичките фигури, анализата е насочена кон стратегијата на метафоричност, синегдохичност и метонимичност, со разграничување на метафората како мотивиран знак за разлика од симболот сфатен како арбитрарен знак. Што се однесува до ритамот, тој се согледува како говорен (фразичен и реченичен) и како мелодиски, додека со анализата на поетскиот корпус според референцијалниот капацитет на творештвото на избраните поети,

авторката контекстуализира и елаборира осум типови референција: 1. *светот на јазикот и на историјата* како одлика на поезијата на Блаже Конески, 2. *светот на стварноста*, својствен за поетскиот израз на Гане Тодоровски, 3. *светот на битието*, како доминанта во творештвото на Ацо Шопов, 4. *светот на природата,* кај Матеја Матевски, 5. *светот на (сонот) симболот,* кај Радован Павловски, 6. *светот на митологијата и библијата,* кај Богомил Ѓузел, 7. *светот на фантастиката,* кај Влада Урошевиќ и 8. *светот на религијата*, како обележје на творештвото на Михаил Ренцов.

Значењето на оваа книга е дотолку поголемо ако се знае дека таа го има своето основно јадро како магистерски труд менториран од професор Влада Урошевиќ и одбранет на Катедрата за општа и компаративна книжевност во 2002 година. Оттука и вредноста на ова научно дело се согледува во неговата првичност, комплексност и оригиналност, како сериозен придонес и незаобиколна референца за понатамошните истражувања на теориските аспекти на слободниот стих и, уште поконкретно, на типологизацијата на македонскиот слободен стих. Или, како што нагласува Венко Андоновски во својот осврт кон книгата, „...во студијата на Спасовска слободниот стих ќе стане дискурзивна еманација подготвена да понесе различни содржини и да изврши различни функции, со што тој ќе стане отворен семиотички дизајн, а не само опозит на класичниот, метрички и музички избрусен стих, кој однапред ја претпоставува својата очекувана содржина“.

## Библиографија

Morton, T. (2013). *Hyperobjects, Philosophy and Ecology after the End of the World*. Minneapolis: University of Minnesota Press.